Бр./Nr 12-329/2
30-01-2024г.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-1326/1 од 23.02.2023 година, оформен по доставена пријава за службеното лице -------------, Градоначалник на Општина ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај се водат постапки/ во тек се постапки пред други надлежни органи или пак веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-1326/1 од 23.02.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, ------------ - административен службеник, вработена во Општина ------------ на работното место Советник за Управување и координирање со човечки ресурси, на ден 23.02.2023 година, поднесена е пријава за службеното лице ------------, Градоначалник на Општина ----------- и оформен е предмет број 12-1326/1 од 23.02.2023 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за неправилности при ангажирањето на лица на определено време од страна на Општина --------- преку приватната агенција „------------" од -------- за извршување на работни задачи во Општина -----------.

Наведено е дека во барањето за отстапување на работници на определено време во Општина ----------- упатено до наведената авторска агенција било побарано да бидат отстапени одредени лица, кои во барањето биле наведени со имиња на лица кои се барало да бидат отстапени.

Дополнително е укажано и на тоа дека дел од вработените не ги имале исполнето своите работни обврски од причина што не се појавувале на своите работни места.

Исто така, на некои од работните места во барањето не биле наведени потребните квалификации, а укажано е и на тоа што кај одредени работни места биле определени многу повисоки плати во споредба со платите на вработените во општинската администрација на исти работни позиции, што според подносителот на пријавата било во спротивност со член 26 од Законот за приватни агенции.

Во пријавата исто така се укажува и на тоа што преку истата авторска агенција привремено бил вработен командир на ТППЕ --------, по спроведена незаконска постапка за распоредување на претходниот командир на ТППЕ на работно место заменик командир на ТППЕ.

Командирот на ТППЕ ------------ кој бил привремено вработен преку наведената авторска агенција, претходно бил во редовен работен однос на неопределено време како пожарникар спасител, склучил спогодба за раскин на договорот за вработување за да може преку авторската агенција да биде вработен како заменик командир.

По ова е наведено дека во периодот од 01.01.2023 година имало двајца командири, претходниот бил распореден на работното место заменик командир на ТППЕ ---------- од 04.01.2023 година, а новиот командир имал склучено договор со авторската агенција од 01.01.2023 година.

Подносителот укажува и на тоа дека како член на надзорен одбор за извршување на договорот за јавната набавка - Услуги за привремени вработувања за 2022 година, се обратила до Градоначалникот со писмено Укажување за сите наведени прекршувања на законот, по што добила повратно Укажување во кое било наведено дека било потребно да ги почитува одредбите од Решението за надзор за извршување на договорот за јавната набавка, и како последица на доставеното Укажување добила лично Задолжение со кое Градоначалникот ја упатил да извршува работни задачи во ТППЕ ------------- како евидентичар.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државниот инспекторат за труд заради извршување на контрола на наводите од пријавата, а за констатираното ДКСК побара да биде повратно известена.

Државен инспекторат за труд достави одговор во кој е наведено дека бил извршен инспекциски надзор а за констатираното бил составен Записник со бр. ----- од -----.2023 година кој е доставен во прилог.

Во Записникот инспекторот констатирал дека извршил контрола на месечните исплати на плата во авторската агенција почнувајќи од месец јануари 2022 заклучно со месец август 2023 година, по што утврдил дека дури 14 лица биле непрекинато ангажирани односно отстапени од страна на приватната агенција кај работодавачот Општина ------------, а притоа

секаде било наведено дека отстапувањето било заради зголемен обем на работа при што следствено на фактот дека отстапените работници биле ангажирани во период подолг од година и шест месеци упатувало на тоа дека не се работело за зголемен обем на работа туку дека работните задачи имале елемент на траен карактер, за што работодавачот бил должен да спроведе постапка по јавен оглас согласно законските одредби.

При увид во персоналните досиеја на работниците како и правилниците за систематизација, инспекторот утврдил дека за четворица отстапени работници воопшто не биле систематизирани работните места со акт за систематизација што довело во прашање тоа како работодавачот корисник ја утврдил потребата дека има зголемен обем на работа за непостоечки работни места, а исто така било дискутабилно и тоа по кои мерни критериуми работодавачот корисник ги утврдил условите кои работниците треба да ги исполнат за да го обавуваат задачите на работните места, како и тоа дека работодавачот корисник неможел да се утврди ни коефициентот или бодови по кои би ги пресметувал и исплатувал месечните плати.

Исто така било констатирано дека работодавачот корисник при увид во евиденцијата на работното време кај работодавачот корисник утврдил дека на отстапените работници не им биле издадени картици за електронска евиденција во системот за електронски евидентирање на работното време и дека за истите не се водела уредна евиденција за работното време, што пак е спротивно на законската регулатива.

Во врска со наводите за посочените работници со имиња во доставеното барање од страна на Општина ----------, инспекторот констатирал дека таквото барање посочените лица биле ставени во повластена положба спрема останатите лица кои требало да имаат еднаков пристап до работа, а кое упатувало на повреда на одредби од Законот за работни односи кои се однесуваат на забраната за дискриминација како и повреда на одредби од Законот за вработените во јавниот сектор.

Во врска со наводите во пријавата кои се однесуваат на неправилностите дека во извесен период имало двајца командири на ТППЕ ------------, инспекторот извршил увид во персоналното досие на работникот кој бил распореден како командир на ТППЕ ------------, каде утврдил дека на конкретниот работник му била водена дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и со Решение со датум од 21.12.2022 година бил распореден на работно место во непосредно пониско ниво односно заменик командир на ТППЕ -------, додека со Договор за вработување со датум од 30.12.2022 година бил отстапен работникот кој бил ангажиран на работното место Командир на ТППЕ во -------, со што инспекторот констатирал дека овие наводи од пријавата не се потврдиле.

Во Записникот е навдено дека во врска со горенаведените сторени повреди на законската регулатива, постоело основ за сомневање на сторено кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување" казниво по КЗ од страна на

Градоначалникот ----------------, за што инспекторот има наведено дека ќе го исвести надлежниот државен орган.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај се водат постапки/ во тек се постапки пред други надлежни органи или пак веќе постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: м-р К.З
Одобрил: Б.И.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**